У-5.бр.1973/2019

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УПРАВНИОТ СУД во совет составен од судиите: Димитрула Апостоловска претседател на советот, Валентина Конеска и Билјана Никодиновска Петровска - членови на советот, со записничар Марко Таневски - судски соработник, одлучувајќи по тужбата на тужителот Цветан Неделковски од Велес, поднесена преку полномошник Игор Боцевски од Скопје, против Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-750/21 од 06.11.2019 година, од областа на јавните набавки, на седницата на советот одржана на 13.02.2020 година, донесе:

# П Р Е С У Д А

Тужбата на тужителот Цветан Неделковски од Велес, СЕ УВАЖУВА.

Оспореното Решение на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-750/21 од 06.11.2019 година, во став 3 од изреката, СЕ ПОНИШТУВА и СЕ ПРЕСУДУВА:

Се задолжува договорниот орган да му ги надомести трошоците на тужителот, во износ од 250,00 денари на име административна такса и износ од 3.070,00 денари на име надомест за водење на жалбена постапка, како и износ во висина од 5.000,00 денари за состав на жалба и 1.300,00 денари за состав на полномошно, согласно со Тарифата за награда и надоместок на трошоците за работа на адвокатите, во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

Во останатиот дел од изреката, оспореното решение на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-750/21 од 06.11.2019 година, останува непроменето.

## О б р а з л о ж е н и е

Со оспореното решение означено во изреката на пресудата, жалбата на жалителот „ЦЕЛЕ ШПЕД“ ДООЕЛ Велес, изјавена против Одлуката за избор на најповолна понуда бр.05-163/2 од 22.10.2019 година, донесена по Огласот за јавна набавка со постапка од мала вредност бр.09819/2019 за набавка на стоки - Огревно дрво за потребите на училиштето на договорниот орган ОУ „Ѓорѓи Пулевски“ – Маврово-Ростуше, се усвојува. Се поништува Одлуката за избор на најповолен понудувач бр.05-163/2 од 22.10.2019 година и постапката по Огласот за јавна набавка со постапка од мала вредност бр.09819/2019 за набавка на стоки - Огревно дрво за потребите на училиштето на договорниот орган ОУ „Ѓорѓи Пулевски“ – Маврово-Ростуше. Се задолжува договорниот орган да му ги надомести трошоците на тужителот, во износ од 250,00 денари на име административна такса и износ од 3.070,00 денари на име надомест за водење на жалбена постапка, како и износ во висина од 5.000,00 денари за состав на жалба согласно со Тарифата за награда и надоместок на трошоците за работа на адвокатите, во рок од 15 дена од денот на од денот на приемот на решението. Решението на Државната комисија за жалби по

јавни набавки е конечно по извршената достава. Сите странки се должни да ги почитуваат и да ја спроведат конечната одлука на Државната комисија. Договорниот орган е должен да постапи согласно со одлуката на Државната комисија во рок од 30 дена од денот на приемот на одлуката, при што ги применува правното сфаќање и дадените забелешки на Државната комисија во одлуката.

Незадоволен од решението во став 3, тужителот поведе управен спор со предлог истото да се поништи во делот на одлуката кој се однесува на барањето за исплата на адвокатски трошоци. Во тужбата е наведено дека органот погрешно го применил членот 166 став 2 од Законот за јавните набавки, од причини што во истиот член бил конкретизиран начинот на побарување и одлучување за трошоци во жалбена постапка, па доколку правилно ги применил ќе ги утврдел реалните трошоци на полномошникот на тужителот во жалбената постапка. Имено, полномошникот на тужителот во жалбената постапка доставил образложен трошковник во кој предјавил адвокатски трошоци за состав на жалба и полномошно како и ДДВ во висина од 18%. Според тужителот, органот не ја зел предвид ниту одредбата од член 8 дел III од Тарифата за награда и надоместоци на трошоците за работа на адвокатите каде точно е утврдено кои трошоци му следуваат и во кој износ за состав на писмен поднесок, а во конкретниот случај за состав на жалба. Имено, наградата за состав на правен лек предвидена по одредбите на Тарифата за награда и надоместоци на трошоците за работа на адвокатите, се пресметува на начин што основицата се зголемува за паушал 30% и истата се зголемува за плус 100% за состав на редовен правен лек ако адвокатот не учествува на расправа или претрес. Од наведените причини органот погрешно ги применил наведените одредби, а со тоа и неправилно ја утврдил висината на наградата за состав на жалба.

Во одговор на тужбата тужениот орган наведе дека тужбените наводи на тужителот се неосновани поради што му предложи на судот, тужбата на тужителот да ја одбие како неоснована .

Одговорот на тужба од тужениот орган, Судот го достави до тужителот како би се запознал со содржината на истиот, кој тужителот, уредно го примил меѓутоа, не достави произнесување по истиот .

Управниот суд постапувајќи по тужбата, го испита оспореното решение во границите на тужбеното барање во смисла на член 37 од Законот за управните спорови, па по оценка на тужбените наводи, одговорот на тужбата и списите на предметот најде:

Тужбата е основана.

Од увидот во списите на предметот, Судот утврди дека во постапка по жалба изјавена од тужителот, тужениот орган донел решение со кое жалбата, на жалителот „ЦЕЛЕ ШПЕД“ ДООЕЛ Велес, изјавена против Одлуката за избор на најповолна понуда бр.05-163/2 од 22.10.2019 година, донесена по Огласот за јавна набавка со постапка од мала вредност бр.09819/2019 за набавка на стоки - Огревно дрво за потребите на училиштето на договорниот орган ОУ „Ѓорѓи Пулевски“ – Маврово-Ростуше, се усвојува. Се поништува Одлуката за избор на најповолен понудувач бр.05-163/2 од 22.10.2019 година и постапката по Огласот за јавна набавка со постапка од мала вредност бр.09819/2019 за набавка на стоки - Огревно дрво за потребите на училиштето на договорниот орган ОУ „Ѓорѓи Пулевски“ – Маврово-Ростуше. Се задолжува договорниот орган да му ги надомести трошоците на тужителот, во износ од 250,00 денари на име административна такса и износ од 3.070,00 денари на име надомест за водење на жалбена постапка, како и износ во

висина од 5.000,00 денари за состав на жалба согласно со Тарифата за награда и надоместок на трошоците за работа на адвокатите, во рок од 15 дена од денот на од денот на приемот на решението. Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки е конечно по извршената достава. Сите странки се должни да ја почитуваат и да ја спроведат конечната одлука на Државната комисија. Договорниот орган е должен да постапи согласно со одлуката на Државната комисија во рок од 30 дена од денот на приемот на одлуката, при што ги применува правното сфаќање и дадените забелешки на Државната комисија во одлуката.

Во образложение, покрај другото органот навел дека во однос на барањето за адвокатски трошоци на тужителот истото не е во потполност одредено и специфицирано во однос на бараниот износ, односно на кои делови се однесуваат останатите дополнителни зголемувања за часовнина и зголемување. Согласно член 166 од Законот за јавните набавки, адвокатскиот тарифник, како и проценетата вредност на предметната јавна набавка, Државната Комисија за жалби по јавни набавки одлучила на тужителот да му се надоместат адвокатските трошоци во висина од 5.000,00 денари, за состав на жалба. Во однос на барањето за надомест на трошоци за изготвување на полномошно, органот не го прифатил со оглед дека трошоци за изготвување на полномошно не биле предвидени во Тарифата за награда и надоместок на трошоците за работа на адвокатите.

Судот најде дека тужениот орган со оспореното решение го повредил законот на штета на тужителот поради следното:

Согласно членот 166 став од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.24/19), Трошоци за жалбената постапка Во постапката пред Државната комисија секоја странка претходно ги сноси трошоците предизвикани со своите дејствија.Државната комисија решава за трошоците за жалбената постапка, одредува кој ги сноси трошоците, нивниот износ, на кого и во кој рок мора да се платат. Барањето за надоместок на трошоците за жалбената постапка треба да биде во потполност одредено, специфицирано и доставено пред донесување на решението. Странката која ја покренала постапката, а на чија штета постапката е завршена, е должна на спротивната страна да и ги надомести оправданите трошоци за постапката. Во случај на повлекување или отфрлање на жалбата, подносителот на жалбата е должен на договорниот орган да му ги надомести оправданите трошоци за постапката. Во случај на делумно усвојување на жалбата, Државната комисија може да одлучи секоја страна да ги намири своите трошоци, трошоците за жалбената постапка да ги подели на еднакви делови или пропорционално со усвојување на жалбата. Во случај на целосно усвојување на жалбата, договорниот орган е должен на подносителот на жалбата да му ги надомести оправданите трошоци за постапката.

Согласно член 8 точка 2 од Тарифата за награда и надоместоци на трошоците за работа на адвокатите (Службен весник на Р.М бр.13/2017), за поднесоци со барање: до 10.000,00 денари изнесува……1.000,00 денари.

Согласно точка 13 за необразложени поднесоци, изјави, молби, полномошна со кои трети лица пренесуваат овластувања, освен полномошна со кои е овластен адвокатот за застапување и преземање на дејствија во име на властодавецот во сите постапки, наградата е како најниската награда од точка еден.

За состав на редовен и вонреден правен лек и одговор на редовен и вонреден правен лек, наградата е 50% поголема од наградата за застапување или одбрана, а ако адвокатот не учествува на расправа или претрес, наградата е 100% зголемена.

Наградата предвидена по одредбите на оваа Тарифа се зголемува за 30% во име паушал за сите споредни дејствија што се тарифирани.

Согласно членот 10 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/2015), јавниот орган треба да ги утврди сите факти и околности што се од битно значење за правилно утврдување на фактичката состојба во управната постапка.

Во конкретниот случај, по наоѓање на Управниот суд тужениот орган погрешно и нецелосно ја утврдил фактичката состојба и погрешно ги применил горе цитираните законски одредби кога врз основа на истите во став 3 од диспозитивот на оспореното решение го одбил како неосновано барањето на тужителот за исплата на адвокатски трошоци за состав на полномошно, констатирајќи дека барањето за адвокатски трошоци не е во потполност одредено и специфицирано во однос на бараниот износ како и дека трошоците за изготвување на полномошно не биле предвидени во Тарифата за награда и надоместок на трошоците за работа на адвокатите.

Имено, видно од списите во предметот, судот утврди дека по однос на трошоците на постапката Државната комисија за жалби по јавни набавки го задолжила договорниот орган - ОУ „Ѓорѓи Пулевски“ – Маврово-Ростуше, да му ги надомести на жалителот „ЦЕЛЕ ШПЕД“ ДООЕЛ Велес, само трошоците во износ од 250,00 денари, на име на административна такса и трошоците во износ од 3.070,00 денари на име надомест за водење на жалбената постапка како и износ од 5.000,00 денари за состав на жалба, во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

Меѓутоа, судот цени дека тужениот орган неправилно постапил кога го одбил како неосновано барањето на тужителот за исплата на адвокатски трошоци за состав на полномошно, констатирајќи дека барањето за адвокатски трошоци не е во потполност одредено и специфицирано во однос на бараниот износ како и дека трошоците за изготвување на полномошно не биле предвидени во Адвокатскиот тарифник. Ова од причина што видно од Трошковникот на полномошникот на тужителот како составен дел кон жалбата бр.09819/2019, изјавена против Одлуката за избор на најповолна понуда бр.05-163/2 од 22.10.2019 година, Барањето на тужителот за надомест на трошоците во постапката е во целост специфицирано и определено на начин што тужителот за состав на полномошно побарал износ од 1.300,00 денари согласно член 8 од Тарифата за награда и надоместок на трошоците за работа на адвокатите каде во точка 13 е предвидено дека за необразложени поднесоци, изјави, молби, полномошна со кои трети лица пренесуваат овластувања, освен полномошна со кои е овластен адвокатот за застапување и преземање на дејствија во име на властодавецот во сите постапки, наградата е како најниската награда од точка еден од наведениот член.

Во однос на Барањето на тужителот за надомест на адвокатските трошоци за состав на жалба, Судот цени дека тужениот орган правилно одлучил на тужителот да му се надоместат адвокатски трошоци во висина од 5.000,00 денари од причина што договорниот орган имајќи ја предвид проценета вредност на набавката на тужителот му ги признал само оправданите трошоци за состав на жалба додека по однос на барањето за останатиот износ, тужениот орган правилно констатирал дека истото не е во целост одредено и специфицирано во однос на бараниот износ односно на кои делови се однесуваат останатите дополнителни зголемувања за часовнина и зголемување.

Со оглед на наведеното, Судот одлучи да ги прифати како основани тужбените наводи на тужителот во делот кој се однесува на барањето за надомест на адвокатските трошоци за состав на полномошно во висина од 1.300,00 денари согласно Тарифата за награда и надоместок на трошоците за работа на адвокатите, па врз основа сето погоре наведено го поништи оспореното решение во ставот 3 од изреката и го задолжи договорниот орган со трошоци, како во диспозитивот на пресудата.

Пресудено во Управен суд на 13.02.2020 година, под У-5.бр.1973/2019.

Записничар - судски соработник
Марко Таневски

Претседател на совет-судија
Димитрула Апостоловска

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа пресуда дозволена е жалба во рок од 15 дена од приемот на истата, преку овој суд до Виш управен суд.

НАЛОГ ЗА ТАКСА: Се задолжува тужителот да плати судска такса за одлука во износ од 800,00 денари, во рок од 15 дена од приемот на одлуката и тоа како примач Буџет на Република Северна Македонија, банка на примач НБРСМ, судски такси од физички лица сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03359 Приходна шифра: 72-22-13, Програма:00, Начин:2, односно судски такси од правни лица банка на примач НБРСМ сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03338, Приходна шифра: 72-22-11, Програма:00, Начин:2.

Се задолжува тужителот, во истиот рок да плати судска такса за тужба во износ од 480,00 денари, доколку истата не е платена при поднесување на тужбата, на погоре наведените жиро сметки за физички и правни лица.

Пресудата да се достави на:
- тужител, преку полномошник
- тужен орган

Претседател на совет - Судија
Димитрула Апостоловска

РН /

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА ЖАЛБИ ПО ЈАВНИ НАБАВКИ
KOMISIONI SHTETËROR I ANKESAVE PËR FURNIZIME PUBLIKE
СКОПЈЕ - SHKUP
Примено: / Pranuar: 10 03 2020
Орг. Единица / Njësia Org.: 09 | Број: / Numri: 968/2 | Прилог: / Shtojca: | Вредност: / Vlera:

У-5 бр.1973/2019

УПРАВНИОТ СУД преку судијата Димитрила Апостоловска – претседател на советот, со записничар Марко Таневски-судски соработник, во управниот спор по тужбата на тужителот ДПТУ „ЦЕЛЕ ШПЕД“ ДООЕЛ Велес, против Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-750/21 од 06.11.2019 година, од областа на јавните набавки, одлучувајќи по службена должност за исправка на техничка грешка на Пресудата У-5.бр.1973/2019 од 13.02.2020 година, согласно со член 331 од Законот за парнична постапка, а во врска член 7-а од Законот за управните спорови, на ден 04.03.2020 година, донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е

СЕ ВРШИ поправање на Пресудата У-5.бр.1973/2019 од 04.05.2018 година на Управниот суд, на начин што:

- во уводот и изреката на пресудата, наместо „Цветан Неделковски“ , треба да стои „ ДПТУ „ЦЕЛЕ ШПЕД“ ДООЕЛ Велес “.

## О б р а з л о ж е н и е

Управниот суд постапувајќи по службена должност за исправка на техничка грешка на Пресудата У-5.бр.1973/2019 од 13.02.2020 година, врз основа на увид во списите по предметот, најде дека при пишување на пресудата е направена очигледна грешка, на начин што во уводот и изреката на пресудата, наместо „Цветан Неделковски“ , треба да стои „ ДПТУ „ЦЕЛЕ ШПЕД“ ДООЕЛ Велес “.

При таква состојба, со оглед да се работи за очигледна техничка грешка при пишувањето, согласно одредбите од член 331 став 1 од Законот за парнична постапка, а во врска со член 7-а од Законот за управните спорови, одлучи како во изреката на ова решение.

Решено во Управниот суд на ден 04.03.2020 година под У-5.бр.1973/2019.

Записничар - судски соработник
Марко Таневски

Претседател на советот - Судија
Димитрула Апостоловска

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение дозволена е жалба во рок од 3 дена од приемот преку овој суд до Вишиот управен суд.

Доставено:
-тужител
-тужен орган-полномошник

Согласноста на преписот со изворникот го потврдува
Судски службеник
1